Врз основа член 120 став 9, член 123 став 10 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18) и член 51 став 3 од Статутот на Општина („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07 11/08, 07/09, 16/09, 4/11 и 13/14), донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА" ШТИП

1. За директор на Јавна установа за деца–Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена" Штип **се избира Софка Атанасова** - дипломиран професор по предучилишно воспитание.

2. Директорот се избира врз основа на предлогот на Управниот одбор на ЈУДОДГ„Вера Циривири Трена" Штип, број 02-238/3 од 28.05.2018 година.

3. Директорот Софка Атанасова се избира за време од 4 години, а ќе ја врши функцијата сметано од 01.06.2018 година.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник" на Општина Штип.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 120 став 9 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18) директорот на јавна детска градинка го избира и разрешува градоначалникот на општината.

Согласно член 120 став 11 од истиот закон директор на јавна установа за деца се избира, односно именува за време од 4 (четири) години.

Согласно член 123 став 10 од Законот за заштита на децата(„Службен весник на РМ" број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18), градоначалникот во рок од 15 дена од денот на добивањето на предлог за директор од Управниот одбор на јавната установа врши избор на директор.

На ден 28.05.2018 година до градоначалникот на Општина Штип доставен е предлог од Управниот одбор на ЈУДОДГ „Вера Циривири Трена" Штип број 02-238/3 со кој како кандидат за избор на директор на установата е предложена Софка Атанасова.

Поради горе наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-2906/5
31.05.2018 година

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски